Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 13-561/2
Охрид, 11.7.2023 год.

Врз основа на член 110 став 1 точка 8, член 170 и член 175 став 6 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 82/2018 и 178/21), член 17 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид, наставно- научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, на седница одржана на ден 11.07.2023 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за избор во соработничко звање Асистент

1. СЕ ИЗБИРА м-р Наташа Димоска во соработничко звање Асистент од научно поле 224 – Телекомуникационо инженерство, научна област 22400 Теорија на информации и комуникации на Факултетот за комуникациски мржи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид, за време од 3 (три) години.
2. Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле" Охрид распиша јавен конкурс, арх. бр. 04-294/1 од 11.05.2023 година за избор на соработник во соработничко звање Асистент од научна област Вештачка интелигенција и системи, кој беше објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" на ден 12.05.2023 година, согласно одлука за распишување конкурс, бр. 13-40/1 од 08.05.2023 година.

На конкурсот за избор на соработник во соработничко звање Асистент од научно поле 224 – Телекомуникационо инженерство, научна област 22400 Теорија на информации и комуникации се пријави кандидатот м-р Наташа Димоска.

Во согласност со член 173 од Законот за високото образование, наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност со одлука бр. 13-47/2 од 01.06.2023 година, именува рецензентска комисија во состав:

- **Вонр. проф. д-р Атанас Христов** од Факултетот за информатички и ккомуникациски науки при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид - Претседател на комисија
- **Вонр. проф. д-р Томислав Шуминоски** од Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје - Член на комисија

- **Доц. д-р Јован Карамачоски** од Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид - Член на комисија

Рецензентската комисија достави реферат со заклучок и предлог до наставно – научниот соевт да го избере кандидатот м-р Наташа Димоска во соработничко звање Асистент.

Рефератот беше објавен во „Билтен", 17-368/1 на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, од ден 14.06.2023 година.

Согласно член 175 став 6 од Законот за високо образование („Службен весник" бр. 82/2018 и 178/21) соработникот – асистент со изборот заснова работен однос на определено време од 3 (три) години.

Членовите на наставно- научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори, откако ја разгледаа целокупната документација по објавениот конкурс и доставениот реферат, констатираа дека се исполнети условите за избор на соработник во соработничко звање Асистент.

Декан,

Вонр. проф. д-р Анета Велкоска

Доставено до: Архива
М-р Наташа Димоска

Р Е Ф Е Р А Т

За **Избор на соработник во соработничко звање Асистент**

(Категорија В - соработнички звања во високото образование)

во научно поле:

224 - Телекомуникациско инженерство

во научна област:

22400 - Теорија на информации и комуникации

НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И БЕЗБЕДНОСТ, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“– ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со одлука бр. 13-47/2 донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ) одржана на 01.06.2023 година, а врз основа на конкурс објавен на ден 12.05.2023 година во весниците „Нова Македонија“ и „Лајм“, се формира рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање **Асистент** (Категорија В - соработнички звања во високото образование) во научно поле: **224 Телекомуникациско инженерство** во научна област: **22400 - Теорија на информации и комуникации** - 1 (еден) извршител, за време од 3 (три) години, согласно Законот за високото образование, во следниот состав:

1. **Проф. д-р Атанас Христов**, Вонреден професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при УИНТ, Охрид, претседател;
2. **Вон. Проф. д-р Томислав Шуминоски**, Вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии ФЕИТ, Скопје, член;
3. **Доц. д-р Јован Карамачоски**, Доцент на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при УИНТ, Охрид, член.

По разгледувањето на пријавите и поднесената документација, Рецензентската комисија на Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, му го поднесува следниот

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс во дневните весници Нова Македонија и Лајм, како и на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид (УИНТ) за избор на соработник во соработничко звање Асистент, (Категорија В -

соработнички звања во високото образование) во научно поле: 224 Телекомуникациско инженерство, во научна област: 22400 - Теорија на информации и комуникации на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност, согласно општите услови утврдени со Законот за високо образование и посебните услови утврдени во правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на УИНТ Св. Апостол Павле – Охрид, се пријави еден кандидат и тоа:

1. М-р Наташа Димоска, пријавен број 04-318/1 од 18.05.2023 година.

1. М-р Наташа Димоска

Кандидатот м-р Наташа Димоска со пријавата ги приложила сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува нејзините наставно-образовни, научно-истражувачки, и стручно-апликативни активности.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

м-р Наташа (Паункоска) **Димоска** е родена на 23ти Јули 1986г во Охрид. Кандидатот Наташа Паункоска има дипломирано во академската 2009г, со просечна оценка **9.15**, на студиската програма "Телекомуникации" на Факултетот за електротехника и информациски технологии при универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Кандидатката, после успешната одбрана на дипломскиот труд на тема "Sensors and RFID Enabling Smart Home" се стекнала со стручниот назив ***дипломиран инженер по електротехника и информациски технологии***. Кандидатката во периодот од 2008-2009г работела на ФЕИТ-Скопје на FP7 проектот "Sensor Networks". Проектот Prosense е финансиран од ЕУ, каде учествувала на три работилници и една летна школа организирана во рамките на проектот. Учествувала и во пишување на техничка документација и труд за проектот Prosense. Веднаш по завршување на првиот циклус академски студии, кандидатката се запишала на втор циклус (магистерски) студии на студиската програма "Комуникациски и Информациски Технологии". Во 2012 година има магистрирано во областа на телекомуникационо инженерство со просек **9.63**, на тема "Application development and integration in IMS (IP Multimedia Subsystem)". По одбраната се стекнува со стручен назив ***магистер по електротехника и информациски технологии***.

Во декември 2012 година се вработува на Универзитетот „Св. Апостол Павле" во Охрид, со избор во соработничко звање *помлад асистент* се до 2015 година. Во Февруари 2013 година кандидатката се запишува на трет циклус на студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во октомври 2015 година е избрана во звање *асситент докторанд од научно поле Теорија на информации и комуникации,* на Факултетот за информатички системи,

визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника при Универзитетот Св. Апостол Павле во Охрид, каде изведува наставни вежби. Во октомври 2020 година е избрана во звање *асистент од научно поле Теорија на информации и комуникации* на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот Св. Апостол Павле во Охрид, каде изведува наставни вежби и активно учествува во научни проекти.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ангажманите во настава на м-р Наташа Димоска се однесуваат на прв циклус студии на тригодишни и четиригодишни студиски програми на Универзитетот „Св. Апостол Павле" во Охрид, при факултетите за: Применети информатички технологии, Машинска интелигенција и Роботика; Информатички системи, Визуелизација, Дигитална Мултимедијална и Анимациска техника; Компјутерски науки и инжинерство; Комуникациски мрежи и безбедност, за следните предмети: Теорија на информации (кодирање), Теорија на информации (криптографија), Безжични технологии, Стохастички процеси, Комуникациски протоколи, Интернет технологии, Клиент и сервер системи, Дескриптивна и инференцијална статистика, Комуникациски и информатички технологии, Системски побарувања, Комуникациска теорија.

Исто така, м-р Наташа Димоска учествува во различни комисии на Универзитетот заради извршување на административни работи.

Од самото вработување во УИНТ, кандидатката активно учествува во повеќе промотивни активности за афирмација на Универзитетот.

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ СО СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Во склоп на Научно - истражувачки активности во периодот од 2012 до 2023, м-р Наташа Димоска учествувала на бројни конференции, семинари и научни состаноци. Во продолжение е листата на научно - истражувачките собири на кандидатката со соодветните научни објавувања:

1. A. Karadimce, **N. Paunkosa Dimoska**, et al., Trust and Collaboration in Social Media Using Relevant Visual Analytics, EUNOMIA, expected to be published by WHO 2023.
2. **Paunkoska, N.,** Hristov, A., Karadimce, A., Marina, N., Sefidanoski, M. (2022). Tools for Analytics and Cognition for Crowd Journalism Application. In: Sheikh, Y.H., Rai, I.A., Bakar, A.D. (eds) e-Infrastructure and e-Services for Developing Countries. AFRICOMM 2021. Lecture Notes of the Institute for Computer Sciences, Social Informatics and Telecommunications Engineering, vol 443. Springer, Cham. https://doi.org/10.1007/978-3-031-06374-9_16
3. M. Sefidanoski, A. Hristov, A. Karadimce, **N. P. Dimoska** and N. Marina, "Social Data Analytics for Enhancing the Collaborative Economy," 2021 5th International Symposium

on Multidisciplinary Studies and Innovative Technologies (ISMSIT), 2021, pp. 317-322, doi: 10.1109/ISMSIT52890.2021.9604730.

4. Simonoski, O., Marina, N. & **Dimoska, N.** (2021). Coding Schemes in 5G Networks for Error-free Communication. Journal of Emerging Computer Technologies, 1 (2), 44-48.
5. Mitreska, I., Marina, N. & **Dimoska, N.** (2021). Coding Schemes for DNA Patient Record Processing to Electronic Health Records Systems. Journal of Emerging Computer Technologies, 1 (2), 49-54.
6. D. Kimovski, **N. Dimoska,** et al., "Cloud — Edge Offloading Model for Vehicular Traffic Analysis," 2020 IEEE Intl Conf on Parallel & Distributed Processing with Applications, Big Data & Cloud Computing, Sustainable Computing & Communications, Social Computing & Networking (ISPA/BDCloud/SocialCom/SustainCom), 2020, pp. 746-753, doi: 10.1109/ISPA-BDCloud-SocialCom-SustainCom51426.2020.00119.
7. **Paunkoska (Dimoska) N.**, Marina N., Finamore W. (2021) Normalized Comparison Method for Finding the Most Efficient DSS Code. In: Zitouni R., Phokeer A., Chavula J., Elmokashfi A., Gueye A., Benamar N. (eds) Towards new e-Infrastructure and e-Services for Developing Countries. AFRICOMM 2020. Lecture Notes of the Institute for Computer Sciences, Social Informatics and Telecommunications Engineering, vol 361. Springer, Cham.
8. A. Karadimce, **N. Paunkoska**, D. Capeska Bogatinoska, N. Marina, and A. Nandal, "Guided Analytics Software for Smart Aggregation, Cognition, and Interactive Visualisation," in Innovations in Computational Intelligence and Computer Vision, vol. 1189, M. K. Sharma, V. S. Dhaka, T. Perumal, N. Dey, and J. M. R. S. Tavares, Eds. Singapore: Springer Singapore, 2021, pp. 521–528.
9. Aleksandar Karadimce, Dijana Capeska Bogatinoska, Mirsat Sefidanoski, **Natasa Paunkoska Dimoska** and Ninoslav Marina, "Tools for Analytics and Cognition (TAC) framework for a Car Sharing Use Case", MIPRO 2020.
10. Beyza Ali, **Natasa Paunkoska Dimoska**, Ninoslav Marina, "Fog Necessity Over Cloud Computing For Healthcare Applications", 17th International Conference on Informatics and Information Technologies – CIIT, 2020.
11. **Natasa Paunkoska (Dimoska)** and Aleksandar Risteski, "Security in distributed storage systems (DSS) - encryption algorithms vs. coding schemes ", JOURNAL OF ELECTRICAL ENGINEERING AND INFORMATION TECHNOLOGIES (JEEIT), vol. 4, no. 1-2, pp. 51-61, 2019
12. Aleksandar Karadimche, **Natasa Paunkoska Dimoska**, Dijana Capeska Bogatinoska, Ninoslav Marina and Amita Nandal, "Guided analytics software for smart aggregation, cognition and interactive visualization", ICICV2020.
13. Jovan Karamachoski, **Natasa Paunkoska** and Ninoslav Marina, "Blockchain for Reliable and Secure Distributed Communication Channel", 2019 IEEE International Conference on Industry 4.0, Artificial Intelligence, and Communications Technology (IAICT), 2019, Bali.
14. **Natasa Paunkoska**, Venceslav Kafedziski, Ninoslav Marina, "Improving the Secrecy of Distributed Storage Systems using Interference Alignment", IWCMC, 2018, Cyprus.

15. **Natasa Paunkoska**, Weiler A. Finamore, Ninoslav Marina, "Fair Comparison of DSS Codes", Future of Information and Communication Conference (FICC '18), Singapore, 2018.
16. **Natasa Paunkoska**, Ninoslav Marina, Weiler Finamore, Jovan Karamachoski , "Shortening coding techniques for Secure Distributed Storage", Information Theory and its Applications (ITA 2015), San Diego, USA, February 2017.
17. Aneta Velkoska, **Natasha Paunkoska**, Ninoslav Marina, "Increasing Information Secrecy by Jamming in a Region with Uniformly Distributed Eavesdroppers", Scientific Proceedings III International scientific-technical conference Innovations 2017, vol. 5, issue 3, pp. 141-144, Varna, Bulgaria, 2017.
18. **Natasa Paunkoska**, Ninoslav Marina, Aneta Velkoska, "Efficient Distribution and Improved Security for Reliable Cloud Storage System", EUROCON 2017, Ohrid, Macedonia, 2017.
19. **Natasa Paunkoska**, Ninoslav Marina, Weiler Finamore, Jovan Karamachoski, "Secure Shortened MSR Codes", IEEE IWCMC'17, Valencia, Spain, 2017.
20. **Natasa Paunkoska**, Weiler Finamore, Jovan Karamachoski, Magdalena Punceva & Ninoslav Marina, "Improving DSS Efficiency with Shortened MSR Codes", ICUMT 2016.
21. **Natasa Paunkoska**, Venceslav Kafedziski, Ninoslav Marina, "Improved Perfect Secrecy of Distributed Storage Systems using Interference Alignment", ICUMT 2016.
22. Ninoslav Marina, **Natasa Paunkoska**, Aneta Velkoska, "Adversarial Attacks in the Twin-code Framework", ICUMT 2016.
23. Ninoslav Marina, **Natasa Paunkoska**, Aneta Velkoska, "Improved Bounds on Secrecy Capacity in Twin-code Cloud Storage Framework", ICUMT 2016.
24. N. Marina, **N. Paunkoska**, A. Velkoska, and Lj. Baleski, "Twin-code framework for secure distributed storage", Information Theory and its Applications (ITA 2015), San Diego, USA, February 2015.
25. Ninoslav Marina, Aneta Velkoska, **Natasa Paunkoska**, Ljupco Baleski, "Security in Twin-code Framework", The 7th International Congress on Ultra Modern Telecommunications and Control Systems ICUMT 2015, Brno, University of Technology, Czech Republic and Tampere University.
26. M. Khosravy, **N. Paunkoska**, F.Asharif, M. R. Asharif, "Acoustic OFDM Data Embedding by Reversible Walsh-Hadamard Transform", 10th International Conference of Computational Methods in Science and Engineering, at Athens, Greece.
27. S. Temelkova, **N. Paunkoska**, M. Pavloski, V. Atanasovski, L. Gavrilovska, "Sensors and RFID Enabling Smart Space", 17th Telecommunications Forum (TELFOR), Belgrade, Serbia

УЧЕСТВО ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ПРОЕКТИ

Во склоп на професионално - апликативни активности м-р Наташа Димоска забележува учество во следните проекти:

- 2019-2022

  ARTICONF – Хоризонт 2020 проект

  <завршен>

  The smART socIal media eCOsytstem in a blockchaiN Federated environment (ARTICONF) проектот е ЕУ Хоризонт 2020 со фокус на децентрализирани социјални медиа сервиси. Проектот е составен ос мултидисциплинарен тим.

- 2018-2020

  Билатерален проект Македонија – Австрија

  „AtomicFog – Интелегентно управување со ресурси во Магла "

  Проектот е финансиран од двете земји. Другиот партнер е Универзитетот во Инсбурк, Австрија.

  <завршен>

  AtomicFog проектот истражува нови концепти и методологии за управување на ресурси во Магла средината. Таа има за цел да ги интегрира ограничената достапност и сигурност на меморијата, складирањето и пресметковните ресурси на уредите за магла, и на тој начин да овозможи прилагодливи и интелигентни одлуки за управување и обезбедување на ресурси. Со моделирање на Маглата како најмалата составна единица на материјата - Атомот, имаме за цел да ги исполниме ветувањата преку: (1) интелигентно и адаптивно управување со ресурсите, (2) консолидација и обезбедување на ресурси преку Парето-консензус и (3) движење на податоците.

- Март 2016 – 2018

  Еразмус проект

  <завршен>

  "Иновативна постдипломска програма: Адресирање на потребите на пазарот и испорака на нови методи". Грант за стратешко партнерство во рамките на Еразмус+ програмаат на ЕУ. Финансирањето е искористено за развој на нова посдипломска програма во соработка со Универзитетот Лоѓ и агенциите за заштита на персонални податоци во Полска, Бугарија и Македонија.

- Јуни 2014 - Декември 2014

  Внатрешен проект на универзитетот

  <завршен>

"Сигурни дистрибуирани мрежи за складирање на големи податоци во облак", внатрешен повик за научно истражувачки проекти, според член 87 од законот за високо образование,

во рамки на ректорската платформа 2013-2017 на Универзитетот за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле"

Дополнување на образованието и искуството, м-р Наташа Димоска, има од кратките посети на:

- Летна школа - Sao Paulo School of Advanced Science on Coding and Information Theory, Кампинас, Сао Паоло, Бразил, 19-30 Јануари, 2015. Учество со постер на тема " Twin-code Framework for Secure Storage".
- Работилница - The fourth International Workshop on Cryptography, Robustness, and Provably Secure Schemes for Female Young Researchers (CrossFyre), Бохум, Германија, 02-04 Јуни 2014. Учество со презентација на тема "Instruction set extension for efficient cryptographic algorithm implementation on OpenRISC".
- Работилница - Young Women in Probability 2014, Бон, Германија, 26-28 Maj 2014. Учество со постер на тема" Cooperative Jamming Method used for Increasing Secrecy Capacity of Wireless Channels"
- Летна школа - International Summer School on Nanocommunication, на Универзитетот за технологии во Тампере, Финска, 21-23 Maj, 2013.
- Присуство на часови од областа на теории на информации на the 2013 IEEE European School of Information Theory, Охрид, Република Македонија, 22- 26 Април 2013.
- Учество во пишување професионална литература во областа на безжични сензорни мрежи, "Wireless sensor networks: concepts, Multidisciplinary Issues and Case Studies".
- Присуство на летна школа за безжични сензорни мрежи "Senzation '09", 01-05 Септрмври 2009 Охрид.
- Учество на работилница Prosense, во Охрид 28.08-01.09.2009.
- Учество на работилница Prosense, во Белград 29.03-02.04.2009.
- Учество во изработка на тест платформа за безжични сензорни мрежи, работилница Prosense во Љубљана 18.12-21.12.2008.

Истражувачките интереси на кандидатката се од областите: теорија на информации. информационо-теоретска сигурност, дистрибуирани системи за складирање, теорија на кодирање, сигурност во дистрибуирани системи за складирање, машинско учење.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката м-р Наташа Димоска од самите почетоци на кариерата активно и успешно работи во наставна дејност. Комисијата ја цени истражувачката активност на кандидатката во соодветната научна област и солидниот број на објавени научно-истражувачки трудови на меѓународни конференции, семинари и научни собири, како и учеството во проекти. Исто така комисијата ја цени ангажираноста за унапредување на образованието и искуството преку посетите на домашни и странски висококотирачки институции.

Согласно конкурсот за избор на соработник во соработничко звање Асистент, научно поле: 224 Телекомуникациско инженерство, во научна област: 22400 - Теорија на информации и комуникации, кандидатката м-р Наташа Димоска покажала солидни резултати и воедно е соодветен кандидат за наведената позиција.

Врз основа на таквиот заклучок, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, да ја избере м-р Наташа Димоска во звање асистент на Факултетот Комуникациски Мрежи и Безбедност.

РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Атанас Христов, Вонреден професор на Факултетот за информатички и коминикациски науки при УИНТ, Охрид, **претседател;**

Вон. Проф. д-р Томислав Шуминоски, Вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии ФЕИТ, Скопје, **член;**

Доц. д-р Јован Карамачоски, Доцент на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност УИНТ, Охрид, **член;**

Охрид, 08.06.2023 година.

	Павле – Охрид 4. Датум на издавање на документот: 18.15.2023	

РЕЦЕЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Атанас Христов, Вонреден професор на Факултетот за информатички и коминикациски науки при УИНТ, Охрид, **претседател;**



Вон. Проф. д-р Томислав Шуминоски, Вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии ФЕИТ, Скопје, **член;**



Доц. д-р Јован Карамачоски, Доцент на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност УИНТ, Охрид, **член;**



Охрид, 08.06.2023 година.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено:	14.6.2023		
Орг. Един	Број:	Прилог:	Вредност:
04	339/2		